Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 09.09.2023

На 08.09.2023 како резултат на заеднички преземени мерки и активности на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи и ОВР Неготино лишени се од слобода К.С.(28) и И.С. (23) од с. Корешница, демократско. Имено, при претрес во дом и помошни простории кај лицата, извршен врз основа на наредба од судија на претходна постапка од Основен суд Кавадарци, биле пронајдени и одземени 586 куршуми калибар 7,62x39, 50 боеви куршуми со различен калибар, две рачни бомби, еден топовски удар, запалка за рачна граната, два ловни патрони кал.16 мм, три кутии со барут, две кутии со сачми, алат и други предмети за изработка на муниција и марихуана. Лицата се приведени и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 08.09.2023 во 19.00 часот на автопатот А1, на наплатна рампа „Демир Капија" во правец Гевгелија-Скопје, од полициски службеници од Полициска станица Богородица при Регионален центар за Гранични работи Југ е лишен од слобода Р.К.(32) од Струмица. Во товарно моторно возило „мерседес спринтер" со кочански регистарски ознаки, кое тој го управувал, биле пронајдени 28 лица мигранти од Сирија кои си ги превезувал. За настанот е известен Јавен обвинител, а лицата мигранти се сместени во Центар за странци Гази Баба Скопје и ППЦ Виноџуг Гевгелија за понатамошна постапка. Р.К. е предаден на полициски службеници од Полициска станица Неготино и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „криумчарење на мигранти" казнило по чл. 418 б од Кривичниот законик.

На 08.09.2023 во заедничка координирана акција на полициски службеници од СВР Скопје, Единица за недозволена трговија со дрога и оружје, Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи и Интервентна полиција, како и Оперативен тим потпари при СВР Скопје, по претходно добиени наредби од судија на претходна постапка од Основен кривичен суд Скопје, извршени се претрези на осум локации на подрачјата на Горче Петров и Сарај, кај Б.Л.(27), Е.Ш.(35), Х.Л.(22), А.Ш.(28) и А.Ш.(28), А.З.(25), Ѓ.К.(27), Л.И.(19) и Д.М. (24). При претресите пронајдени се докази за сторено кривично дело по чл.396 од Кривичниот законик за "неовластено изработување, держење, поседување и трговење со оружје или распрскувачки материјали", а во врска со претходно пронајдена поголема количина на муниција и автоматско огнено оружје на 23.08.2023. Во полициска станица се приведени две лица, а се преземаат мерки и активности за пронаоѓање и лишување од слобода и на други лица инволвирани во кривичното дело. Од страна на СВР Скопје до надлежното ЈОЈ Скопје е поднесена кривична пријава против лицата за кои се обезбедени докази, а се обезбедуваат докази и за други инволвирани лица. Случајот на претходна постапка од Основен кривичен суд Скопје на две лица им определи мерка притвор во времетраење од 30 дена.

На 09.09.2023 во 02.00 часот во Скопје на подрачје на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода Г.Г.(41) од Пробиштип, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.09.2023 во 02.20 часот во Скопје пред угостителски објект на подрачје на Карпош, полициски службеници ја лишиле од слобода И.Д.(34) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.09.2023 во 10.50 часот на граничен премин „Деве Баир" од полициски службеници е приведен А.Ј.(39) од Р.Турција, кој управувал минибус „мерседес" со турски национални ознаки. При извршена пасошка контрола било констатирано дека меѓународната зелена карта на возилото, која ја приложил, е фалсификувана. Лицето е предадено на полициски службеници од ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 71 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина три санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, девет мерки за возење под дејство на алкохол...

На 08.09.2023 околу 20.25 часот во Куманово, на крстосница од бул.„3 Македонска ударна бригада", ул.„Б.Б.Гуцким" и локален пат кон с.Проевце, патничко моторно возило „фиат" со кумановски регистарски ознаки, управувано од К.Ј.(24) од с.Громеѓа, кумановско, удрило во малолетен пешак од Куманово. По несреќата малолетничката била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје, каде ќе биде констатирана тешки телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Куманово.

На 09.09.2023 во 04.30 часот во Гевгелија на ул.„С.М.Данко" патничко моторно возило „тојота" со велешки регистарски ознаки, управувано од Н.Ш.(18), удрило во паркирано патничко моторно возило „фијат" со велешки регистарски ознаки, сопственост на правно лице. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката С.А.(20), а со телесни повреди се здобила Н.Ш. и сопатничката Л.А.(18), сите од Гевгелија, констатирани во здравствена установа во Гевгелија. Увид на местото извршила екипа од Полициска станица Гевгелија.

На 08.09.2023 во 16.45 часот во Полициска станица Аеродром, Љ.Н.(44) од Скопје приврадила дека на бул.„Јане Сандански" незјинност малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 08.09.2023 во 14.20 часот во Полициска станица Карпош, Г.Д.(63) од Скопје приврадила дека на ул.„Иван Цанкар" била касната од куче скитник.

На 08.09.2023 во 19.50 часот во с.Добридол, гостиварско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.А.(18) од истото село. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (09.09.2023) во 03.40 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Н.Т.(18) и М.Ј.(18) двајцата од Гостивар, затоа што кај Н.Т. била пронајдена и одземена марихуана, а М.Ј. не застанал на даден знак за сопирање од полициски службеници додека управувал моторно возило без возачка дозвола и без важечка регистарска ознака на возилото. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.09.2023 во 08.20 часот во с.Орѓуше, гостиварско, полициски службеници од Полициска станица Гостивар го лишиле од слобода Н.О.(57) од истото село. Тој околу 07.30 часот во шума во атар на с.Орѓуше бил затекнат како врши бесправна сеча на огревно дрво. Кај приврадениот биле пронајдени и одземени исечените огревни дрва и алатот со кој ја вршел сечата, кои се предадени на Шумската полиција за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.09.2023 во периодот од 13.00 до 19.00 часот, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници во Охрид затекнале и санкционирале 14 возачи кои во и надвор од населено место управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, за сторениот прекршок надвор од населено место се санкционирани 6, а во населено место 8 возачи. Во Струга, пак, затекнати се двајца возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол. Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 08.09.2023 во 15.20 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициска станица Гостивар го лишиле од слобода В.М.(19) од Гостивар, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.П.(23) од охридското село Куратица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При извршен преглед, полициските службеници кај него пронашле и одземе 2 кокаин.

На 08.09.2023 во 18.30 часот на подрачје на Кисела Вода полициски службеници го лишиле од слобода А.Ѓ.(22) од Скопје, постапувајќи по пријава според која околу 18.00 часот во продавница на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, тој физички ги нападнал К.Ц.(18) и двајца малолетници, сите од скопско, а потоа агресивно се однесувал и физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Р.А..(24) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед извршен на улицата „Јанко Михајлоски" во Кичево, полициските службеници кај него пронашле и одземе 2 кокаин.

На 08.09.2023 околу 12.30 часот во Полициска станица Драчево е приврадено дека полициски службеници од СВР Скопје на врх на Китка, поточно на место викано Споменик на атар на Китка - Мала Река на Китка, го пронашле А.И.(36) од с.Цветово, кој вечерта на 07.09.2023 бил привраден од неговиот брат дека се одделил од домот.

Денеска (09.09.2023) во 09.07 часот во СВР Битола е приврадено дека на шумски пат над фабрика во близина на с.Цапари е пронајдена неексплодирана минофрлачка мина со кал.62мм, која потекнува од Првата светска војна. Минерабедно податината од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 09.09.2023 во 01,02 часот во Полициска станица Крушево е приврадено дека во угостителски објект во Крушево, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.С., Д.Т., Н.С. и Д.Ц.. По целосно расчистување на случајот ќе следуваат поднесоци.

На 08.09.2023 во 14.55 часот во Полициска станица Пробиштип е приврадено дека во Здравствен дом „Нада Михајлова" во Пробиштип бил донесен повреден Д.Ј.(33) од с.Плешиново, пробиштејско. Според приврадениот, додека извршувал работни задачи во фабрика во Пробиштип тој се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во Клинички центар Штип. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 09.09.2023 околу 01.20 часот на локален пат село Марино - населба Илинден, Скопје од полициски службеник е лишен од слобода Б.Т.(27) од Скопје, затоа што физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против М.К.(21) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед извршен на улицата „Јанко Михајлоски" во Кичево, полициските службеници кај него пронашле и одземе 2 кокаин.

На 08.09.2023 околу 16.50 часот во СВР Куманово е приврадено дека во фабрика во Куманово го повреди од струен удар се здобил Д.Г.(44) од Куманово. Тој бил пренесен во Општата болница Куманово, каде лекар констатирал смрт. Увид на местото на настанот вршат Јавен обвинител, вешто лице и екипа од СВР Куманово. По настока на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на семејството.

На 08.09.2023 во 15.40 часот во Полициска станица Гази Баба, Ц.А.(26) од Скопје приврадил дека во 15.20 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат со тврд предмет од неговиот сосед А.М.(39) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (09.09.2023) во 10.10 часот во СВР Велес, Л.К.(20) приврадила дека околу 09.00 часот во Велес, по претходно недоразбирање, била физички нападната од С.П. (женско лице). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Ѓ.(45) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 07.07.2023 во Скопје, полициски службеници извршине преглед над приврадениот, при кој тој пронашле и одземе кокаин.

На 08.09.2023 во 22.00 часот во Полициска станица Карпош, Х.С.(39) од Скопје приврадил дека околу 19.25 часот во близина на амбуланта на подрачје на Карпош неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.09.2023 во 02.30 часот во Полициско одделение Македонска Каменица е приврадено дека околу 01.30 часот во Македонска Каменица, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Ј.(23) и О.В.(24), двајцата од Македонска Каменица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2023 во Полициска станица Гевгелија А.Р.(44) од Струмица приврадил дека околу 05.40 часот, додека бил на работа во фабрика во Гевгелија, неговиот малолетен син кој бил со него бил физички нападнат од И.А. и уште три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2023 во 22.05 часот во СВР Скопје е приврадено дека во Поликлиника Ѓорче Петров бил донесен повреден О.Н.(26) од село Крушопек, скопско. Според приврадениот, во угостителски објект во село Крушопек, по претходна расправија, тој бил нападнат со остар предмет од Б.С.. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против З.Н.(66) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 27.03.2023, на објава од страна на медиум на социјалната мрежа Фејсбук, приврадениот напишал коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

На 08.09.2023 во 21.50 часот во СВР Скопје било приврадено дека на подрачјето на Драчево настанал пожар во кој биле опожарени три куќи во вот двор, сопственост на П.С.(54), М.С.(46), Е.С.(27), С.С.(24) и А.С.(52), сите од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот е изгаснат. Полициски службеници излегле на местото на настанот и се врши увид.

На 08.09.2023 во 19.30 часот во СВР Битола, Ц.М.(33) од Битола приврадила дека на 07.09.2023 околу 12.00 часот во нејзиниот дом во Битола едно лице агресивно се однесувало и упатувало закани кон нејзе и кон нејзината малолетна ќерка, по што и физички ја нападнало ќерка ѝ. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (09.09.2023) околу 04.00 часот во СВР Велес, А.А.(29) од Велес приврадил дека во угостителски објект во Велес, по претходна расправија, бил физички нападнат со тврди предмети од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (09.09.2023) во 00.10 часот во СВР Тетово, Е.Ш.(54) од Тетово приврадила дека на 08.09.2023 околу 19.15 часот во Тетово, по претходно недоразбирање, била физички нападната од Ш.Ш. и А.Ш. (женско лице) од Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Ноќва (09.09.2023) во 00.45 часот во Полициска станица Кавадарци е приврадено дека на Градскиот поштал во Кавадарци бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.К.(18) од Скопје и А.Ѓ.(31) од с.Ваташа, кавадаречко. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.